## 1. Вовед

Овие упатства се напишани од произведувачот и се приложуваат заедно со машината.

Некои напомени и предупредувања се напишани со задебелени букви и обележани со симболи.



**Сите наведени делови потребно е да се променат во случај да се истрошени, оштетени или да не работат правилно**

## 2. Монтажа



**Предупредување – можна опасност или економски губиток кој може да се случи за време на животниот век на уредот**

### 2.1. Принцип на безбедност

Монтажните работи мора да бидат направени во склад со следните важечки законски регулативи:

- Правилник за технички мерки и услови за поставување на челични конструкции.
- Правилник за обезбедување на сигурност и здравје при рачно пренесување на терет.
- Правилник за лична сигурносна опрема за работникот.
- Уредба за обезбедување на сигурност и здравје за работа на привремени и подвижни градилишта.

Само личности со соодветно образование и одбрани од страна на изведувачот на работата може да раковиди и да ја обавува монтажата.



**Само квалификувани работници може да ја обавуваат монтажата**





**Употреба на лична заштитна опрема (ракавици, чевли, заштитна опрема, шлем) е задолжителна за време на монтажа и подесување**



**Употребара на сигурносен појас е задолжителна за време на монтажа и подесување на висина**





## 2.2. Прием на производ

По приемот на производот проверете дали сте го добиле бараниот производ. Пред прифаќање на испораката проверете дали за време на транспортот дошло до некое оштетување. Ако дошло до штета известетго превозникот. Врeќестиот филтер не треба да се користи се додека овластен сервисер не ги отстрани сите оштетувања.



**Пред приемот, проверете дали дошло до оштетување при транспорт**

## 2.3. Поставување

Задолжително е да се обрни посебно внимание при подигање и поместување на врeќестиот филтер. Опремата за подигање треба да се закачи на ушки кои се предвидени за таа намена, а никако на други делови на филтерот.